www.s-front.org.mk
Twitter: @SubversiveFront
Facebook: SubversiveFront
Instagram: subversive.front
YouTube: Subversive Front
E-mail: contact@s-front.org.mk

Врз основа на член 18 од Законот за здруженија и фондации 2010 („Сл. Весник на РМ“ бр. 52/2010) и актот за основање на Здружението за сексуални и родови малцинства Субверзивен фронт Скопје, Собранието на здружението, на седницата одржана на ден 21.03.2019 година, го донесе следниот:

# С Т А Т У Т

# на

# Здружение за сексуални и родови малцинства

# СУБВЕРЗИВЕН ФРОНТ Скопје

(пречистен текст)

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Здружението Субверзивен фронт Скопје со седиште на бул. „Кузман Јосифовски Питу“ бр. 19/5-28, Скопје е доброволно, непрофитно, невладино, непартиско здружение на граѓани, формирано со слободно здружување на граѓаните кое ја ангажира заедницата во промоцијата на правдата, слободата и еднаквоста за сексуалните и родови малцинства во Македонија преку принципите на отчетност, солидарност и вклученост.

Граѓаните се здружуваат во Здружението Субверзивен фронт Скопје заради остварување на заедничките цели и интереси како и за остварување на поширок општествен интерес.

### Член 2

Називот на здружението е: Здружение за сексуални и родови малцинства Субверзивен фронт Скопје (во понатамошниот текст само здружение).

Скратен назив на здружението ќе биде С-Фронт Скопје.

Називот за надворешна употреба на здружението гласи: S-Front Skopje.

### Член 3

Седиштето на здружението е во Скопје, на бул. „Кузман Јосифовски Питу“ бр. 19/5-28, Општина Аеродром, Скопје.

Здружението се организира и делува на целата територија на Република Македонија.

### Член 4

Здружението има својство на правно лице.

Здружението во правниот промет со трети лица настапува во свое име и за своја сметка.

Здружението во правниот промет го претставува и застапува претседателот на здружението.

**Член 5**

Заради остварување на заедничките цели и интереси, здружението може да се здружува со други асоцијации, организации и здруженија од Македонија и странство.

**Член 6**

Здружението има свој печат и штембил.

Печатот има тркалезна форма, а во него е впишан и го содржи називот на здружението: Здружение Субверзивен фронт Скопје

Штембилот на здружението е правоаголен и на него е испишан следниот текст:

Здружение за сексуални и родови малцинства

СУБВЕРЗИВЕН ФРОНТ

Бр.___________________

___________20_____год.

Скопје

**Член 7**

Работата на здружението е јавна.

Јавноста на работењето се обезбедува со редовно известување на членовите на здружението за сите облици на работење, со увид во спроведувањето на програмските задачи, со поднесување извештај за работа на органите и телата на здружението, за материјално финансиското работење и друго.

За информирањето на членовите и пошироката јавност се користи печатот, радиото, телевизијата.

За информирање на членовите и пошироката јавност, здружението може да издава списанија.

**Член 8**

Член во здружението може да биде секој полнолетен граѓанин на Република Македонија, кој доброволно ќе пристапи кон здружението со давање на писмена изјава или по електронски пат.

Членување во здружението се врши со потпишување на пристапница или по електронски пат.

Здружението за своите членови води регистар на членство кое се ажурира еднаш годишно. Податоците од регистарот се заштитени во согласност со прописите за заштита на личните податоци и класифицирани информации.

**Член 9**

Членот има право да биде биран во органите на здружението, да учествува во работата на здружението и да придонесува во развој и популарност на здружението.

**Член 10**

- Права и должности на членот се:
- Редовно да ја плаќаат членарината;
- Да присуствуваат на состаноците;
- Да избира и да биде биран во органите на здружението;
- Да предлага решавање на прашања од заеднички интерес;
- Да работи на развивање и унапредување на општествените и други активности кои произлегуваат од статутот, програмските цели и задачи и од усвоените одлуки и заклучоци;
- Да ги спроведува во целост одредбите од Статутот и програмските активности;
- Да ги застапува интересите и ставовите на здружението;
- Да бара стручна и друга помош во областа на материјата.

**Член 11**

Здружението своите цели, задачи и дејности ќе ги остварува во согласност со односите утврдени со Уставот на Република Македонија, овој Статут како и други законски норми кои ја регулираат материјата од оваа област.

## ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

**Член 12**

Граѓаните се здружени во Здружението заради остварување на поширок заеднички интерес, а како посебни цели и задачи:

- Воспоставување на истражувачки програми на локално, национално и регионално ниво за генерирање на податоци и знаења за потребите и грижите на заедницата на сексуални и родови малцинства
- Поддршка во индивидуално и колективно градење на заедница на сексуални и родови малцинства со цел нејзините припадници да се во првите редови на сите наши активности

- Застапување на политики и закони кои ги адресираат потребите на заедницата на сексуални и родови малцинства и ја обезбедуваат нивната заштита

  Градење соработка, партнерства и сојузништва со граѓански организации, министерства, единици на локална самоуправа, државни агенции, бироа и управи, синдикати, здравствени установи, просветни установи, центри за социјална работа, младински организации, младински работници, медиуми, членови на семејства, поддржувачи и сојузници, истражувачи и истражувачки институти и агенции, меѓународни организации и институции, и други чинители со цел унапредување на положбата и правата на сексуалните и родовите малцинства во државата и пошироко.

## ФИНАНСИРАЊЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

### Член 13

Здружението обезбедува средства за задоволување на потребите од:

- членарина;
- донации;
- прилози;
- буџет;
- подароци
- и други извори на финансирање предвидени со закон.

### Член 14

Користење и располагање со средствата на здружението добиени по основите од претходниот член се врши на начин утврден со овој статут и законите.

### Член 15

За користењето и располагањето со средствата одлучуваат органите на здружението, согласно надлежностите утврдени со овој Статут, кои преземаат мерки за економско целесообразно користење на средствата користење на средствата и за спречување и отстранување на незаконитостите.

### Член 16

Здружението донесува годишен финансиски план за приходите и расходите на здружението.

Финансискиот план ги содржи приходите кои се стекнуваат по член 13 од Статутот, како и расходите за планираните активности, за заедничка

потрошувачка на вработените, материјални трошоци за работата на здружението и други расходи сврзани со работата.

## ОРГАНИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

### Член 17

Органи на здружението се:

- Собрание;
- Управен одбор;
- Извршен директор.

## СОБРАНИЕ

### Член 18

Собранието го сочинуваат сите членови на здружението.

Собранието се состанува по потреба, а најмалку еднаш годишно.

### Член 19

Собранието избира претседател на собрание со обично мнозинство. Претседателот на собранието е истовремено и претседател на здружението.

Седници на Собрание свикува Претседателот на Собранието по сопствена иницијатива.

Седницата на собранието се свикува по предлог на извршниот одбор или на 1/5 од вкупниот број на членови на собрание.

Седниците на Собранието може да се свикуваат и по електронски пат.

### Член 20

Ако претседателот на собранието во рок од 14 дена од денот на дадениот предлог не свика седница, седницата ја свикуваат 1/5 од членовите.

### Член 21

Собранието на здружението од своите редови избира членови на Управниот одбор.

### Член 22

Собранието полноважно одлучува ако присуствува повеќе од една половина од вкупниот број на членови.

Собранието по правило одлуките ги донесува со мнозинство гласови од присутните членови.

Одлуките на Собранието може да се носат и по електронски пат.

**Член 23**

Собранието ги врши следните работи:

- Донесува Статут на Здружението и врши измени и дополнувања на истиот;
- Усвојува годишен извештај, насоки и план за работа;
- Усвојува завршна сметка и финансиски план;
- Одлучува за промена на целта на здружувањето;
- Одлучува за основање и укинување на ограноци и други облици на организирање на здружението;
- Избира Претседател на Здружението;
- Донесува програма за работа на Здружението;
- Избира и разрешува членови на Управниот одбор;
- Избира и разрешува Извршен директор;
- Го разгледува и усвојува извештајот за работа на Извршниот директор помеѓу две собранија;
- Ја следи материјално финансиската состојба на Здружението помеѓу две собранија;
- Расправа за постигнатите резултати од развојот на Здружението и дава насоки за натамошен развој на Здружението;
- Донесува одлуки, заклучоци, препораки за решавање на прашања од интерес на Здружението;
- Одлучува за престанок на здружението со двотретинско мнозинство;
- Врши и други работи кои произлегуваат од Статутот и законите

**Член 24**

На собранието се одлучува со јавно гласање.

Секој член на собранието има право на еден глас.

## УПРАВЕН ОДБОР

**Член 25**

Управниот одбор е орган кој го избира Собранието кој е составен од 3 членови.

Членовите на Управниот одбор се избираат со мандат во времетраење од три години со право на повторен избор.

Управниот одбор избира Претседател на Управниот одбор од редот на неговите членови.

Претседателот на Управниот одбор се избира со мандат во времетраење од три години со право на повторен избор.

**Член 26**

Претседателот на Управниот одбор ги свикува седниците на Управниот одбор, предлага дневен ред и ги раководи седниците. Во случај на отсутност на претседателот на Управниот одбор на седницата го заменува еден од членовите на Управниот одбор по предлог на Претседателот.

Претседателот е должен да свика седница на Управниот одбор најмалку еднаш во три месеци. Седниците на Управниот одбор може да се свикуваат и по електронски пат.

Седници на Управниот одбор може да се свикуваат и од страна на Извршниот директор или од најмалку три полноправни членови на Собранието на Здружението.

Управниот одбор за својата работа одговара пред Собранието на Здружението

**Член 27**

Управниот одбор ги донесува одлуките едногласно.

Одлуките на Управниот одбор може да се носат и по електронски пат.

**Член 28**

Управниот одбор ги врши следниве работи:

- Ги подготвува седниците на Собранието, припрема материјали за седниците на Собранието;
- Го подготвува нацрт статутот, предлага измени и дополнување на статутот и ги подготвува другите одлуки што треба да ги донесе Собранието;
- Констатира прием на нови членови и престанок на членувањето;
- Одлучува за здружување или разделување од друго здружение и за зачленување во сојузи и меѓународни организации
- Донесува програма за работа на Здружението;
- Одлучува за промена на целта на здружувањето;
- Донесува одлуки, заклучоци, препораки за решавање на прашања од интерес на Здружението;
- Донесува одлуки за формирање на постојани и повремени работни тела и комисии и ја насочува нивната работа;
- Организира и активно учествува во организирањето на разни акции и манифестации;
- Доделува одлуки за награди, пофалници и признанија;
- Дава согласност за набавка и отуѓување на основните средства;

- Дава согласност на Правилникот за организација и работните задачи на стручната служба на Здружението, и врши контрола на нејзиното работење;
- Донесува одлуки по приговори и жалби;
- Предлага финансиски план за Здружението;
- Предлага Извршен директор на Здружението;
- Одлучува за основање и укинување на ограноци и други облици на организирање на здружението;
- Решава за формирање на ограноци на Здружението;
- Врши и други работи кои произлегуваат од потребите на Статутот на Здружението и од Законот.

**Член 29**

Членовите на Управниот одбор може да бидат разрешени и пред истекот на нивниот мандат во следниве случаи:

- Со неотповиклива оставка на членот на Управниот одбор;
- По предлог на еден од членовите на Управниот одбор;
- По предлог на Собранието на Здружението;
- Поради нестручно и несовесно вршење на функцијата за која е избран;
- Доколку од неоправдани причини отсуствува од работата на Управниот одбор на последователни 3 седници;
- Со смрт.

## ИЗВРШЕН ДИРЕКТОР

**Член 30**

Извршниот директор е извршен орган на Здружението со права, обврски и одговорности за работењето и развој на Здружението во согласност на Статутот.

Извршниот директор се иззема од гласање за прашања поврзани со него, со неговиот брачен другар или роднина до втор степен и за прашања кои се однесуваат на некое лице врз кое тој има контрола или економски интерес.

**Член 31**

Извршниот директор се избира од редовите на членовите на Собранието по предлог на Управниот одбор.

Мандатот на Извршниот директор е со времетраење од три години со право на повторен избор.

**Член 32**

Извршниот директор свикува состаноци на членовите на Здружението најмалку еднаш неделно, предлага дневен ред и ги раководи состаноците. Состаноците на членовите на Здружението може да се свикуваат и по електронски пат. Одлуките на состаноците на членовите на Здружението може да се носат и по електронски пат.

Во случај на отсуство на Извршниот директор, на состанокот го заменува Директорот за финансии и администрација

**Член 33**

Извршниот директор ги врши следниве работи:

- Ја спроведува политиката, заклучоците и одлуките донесени на Собранието;
- Ги спроведува статутарните и програмските задачи на Здружението;
- Формира Стручна служба и врши контрола на нејзината работа;
- Именува членови на Стручната служба на Здружението;
- Донесува акти со кои се уредува работата на Стручната служба;
- Управува и одговара за управувањето со имотот на Здружението;
- Подготвува годишен и периодичен извештај за својата работа;
- Донесува и реализира годишна програма за работа;
- Донесува соодветни правилници, прифаќа спогодби и склучува договори;
- Спроведува програма за работа на Здружението;
- Спроведува одлуки, заклучоци, препораки за решавање на прашања од интерес на Здружението;
- Организира и активно учествува во организирањето на разни акции и манифестации;
- Спроведува одлуки донесени од Управниот одбор и Собранието на Здружението;
- Спроведува финансиски план и изготвува завршна сметка на Здружението;
- За својата работа поднесува извештај пред Управниот одбор најмалку еднаш месечно, а за својата работа одговара пред Собранието;
- Врши и други работи кои произлегуваат од потребите на Статутот на Здружението и од Законот.

**Член 34**

Извршниот директор може да биде разрешен и пред истекот на неговиот мандат во следниве случаи:

- Со неотповиклива оставка на Извршниот директор;
- По предлог на еден од членовите на Управниот одбор;

- По предлог на Собранието на Здружението;
- Поради нестручно и несовесно вршење на функцијата за која е избран;
- Со смрт.

## ПРЕСТАНОК НА ЗДРУЖЕНИЕТО

### Член 35

Здружението може да престане со работа ако:

- За тоа одлучат 2/3 од членовите на здружението;
- Ако бројот на членовите се намали под законскиот предвиден број;
- Ако настапат причини утврдени во Законот за здруженија и фондации и
- Други причини утврдени со закон.

### Член 36

По престанок на работата на здружението, имотот и другите права и приходи што остануваат по намирувањето на обврските, преминуваат во сопственост на основачите, доколку спогодбено поинаку не е решено.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 37

Толкување на одредбите на овој Статут дава Собранието на Здружението, а помеѓу две Собранија, Управниот одбор на Здружението.

### Член 38

Измени и дополнување на овој Статут се вршат по иста постапка како и за неговото донесување.

### Член 39

Овој Статут влегува во сила од денот на неговото донесување.

Скопје, 21.03.2019 година

Извршен директор

на Здружението Субверзивен фронт Скопје

Антонио Михајлов

Здружение за критички пристап кон родот и сексуалноста * СУБВЕРЗИВЕН ФРОНТ Скопје

______________________